# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## БИРО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

## СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2015 ГОДИНА

**Скопје, Јануари 2016 година**

## СОДРЖИНА

I. ВОВЕД ....... 3
Б) РЕГИСТРИРАНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА....... 5
II. СОСТОЈБИ ПО ОБЛАСТИ НА КРИМИНАЛ....... 8
1) ОРГАНИЗИРАНИ ВИДОВИ КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА....... 8
2) ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ ....... 9
3) КЛАСИЧЕН КРИМИНАЛ ....... 10
4) НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГИ....... 13
5) НТ СО ОРУЖЈЕ И КРИУМЧАРЕЊЕ АКЦИЗНИ И ДРУГИ ВИДОВИ СТОКИ....... 14
III. ЈАВЕН РЕД И МИР И ОСТАНАТИ ПОЛИЦИСКИ РАБОТИ....... 15
IV. ПАТЕН СООБРАЌАЈ....... 18
V. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ВО ОБЛАСТА НА ПРЕВЕНЦИЈАТА ....... 20
VI. АКТИВНОСТИ НА СВР ВО ОСТАНАТИ ОБЛАСТИ ....... 24

## I. ВОВЕД

Секторот за внатрешни работи за град Скопје во 2015 година, својата функција и предвидените задачи ги извршуваше професионално, со доследно почитување на законските прописи, правилно насочување на активностите, при што успешно ја изврши својата функција согласно поставените програмски задачи и безбедносните состојби со кои се соочуваше во текот на годината.

Годишниот извештај за работата на Секторот, обработува информации од широк спектар на извори, а пред се податоци од евиденциите на пријавени кривично – правни настани, расветлени кривични дела, сторени прекршоци по различни закони кои ја третираат прекршочната материја, како и сторители на кривични дела и прекршоци. Извештајот содржи преглед на главните области на криминал и тоа организираните видови на криминал и корупција, економскиот криминал, класичниот криминал односно кривични дела од областа на насилниот криминал, имотните деликти, семејното насилство и малолетничката деликвенција, недозволената трговија со дроги или со оружје, како и криумчарењето на акцизни и други видови стоки, содржи преглед на нарушувањата на јавниот ред и мир и безбедноста на патниот сообраќај.

Секторот за внатрешни работи Скопје согласно Законот за полиција има надлежност над подрачјето на град Скопје (општините Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари), како и општините Арачиново, Зелениково, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани и Чучер Сандево, притоа покривајќи територија од околу 1800 км2. Согласно последниот Попис на населението во Република Македонија, на оваа територија живееле вкупно 578144 жители. Врз основа на други, неофицијални податоци, добиени од сајтовите на општините во надлежност на СВР Скопје, во 2006 година бројот на жители бил 668518.

Согласно новата организациона поставеност на СВР Скопје, направени се суштински промени во функционирањето на Секторот и тоа пред се преку промена на поставеноста на Единицата за општ криминал, која е преименувана во Единица за имотни деликти и малолетничка деликвенција, во рамки на која се формирани 5 (пет) Одделенија за имотни деликти и малолетничка деликвенција и тоа: за подрачје на Центар и Бит Пазар, за подрачје на Кисела Вода, Аеродром и Драчево, за подрачје на Карпош и Ѓорче Петров, за подрачје на Гази Баба и за подрачје на Чаир.

Воедно, со промените во систематизацијата, промени се направени и во рамки на Единицата за полициски станици од општа надлежност и резервен состав, каде се предвидени 4 (четири) Полициски одделенија и тоа: под ПС ОН Гази Баба - ПО Арачиново и ПО Илинден, под ПС ОН Ѓорче Петров - ПО Сарај, под ПС ОН Чаир - ПО Мирковци и предвидена е 1 (една) Полициска канцеларија под ПС ОН Чаир - ПК Шуто Оризари.

## А) БЕЗБЕДНОСНА ПРОЦЕНКА

Секторот за внатрешни работи за град Скопје во рамки на своите надлежности, а согласно планот и програмите, во текот на 2015 година преземаше мерки и активности во насока на превенција и едукација на граѓаните, откривање и квалификација на пријавени кривично – правни настани, идентификација на сторителите на кривичните дела, обезбедување на материјални докази, како и преземање на активности за кривично гонење. Притоа, заради следење на севкупните состојби, пред сè на безбедносен план, како и одржување на поволна безбедносна состојба, преземаше мерки и активности во однос на сите видови на недозволени однесувања и негативни општествени појави што се во негова надлежност преку соработка пред се со Основното Јавно обвинителство на град Скопје и Министерството за внатрешни работи како и други институции надлежни за спроведување и заштита на Уставот и позитивните законски прописи.

Врз основа на анализираните резултати од преземените мерки и активности во текот на 2015 година, а споредено со 2014 година СВР Скопје генерално ги бележи следните резултати:

- Севкупно намалување на криминалот од 10,54%, но и намалување на ефикасноста во расветлување на дела во извештаен период за 2,78%, како и намалена ефективност на процесирање на расветлени кривични дела (со познат сторител, расветлени во извештаен период и од други периоди) за 0,66%.
- Зголемување за 82,3% на прекршоци од јавниот ред и мир за кои се поднесени барања за поведување на прекршочна постапка.
- Зголемување на бројот на сообраќајните незгоди за 2,46%, како и зголемување на бројот на загинати лица во сообраќајни незгоди за 10 лица повеќе во однос на 2014 година.

Овие резултати беа постигнати и покрај тоа што во текот на 2015 година, СВР Скопје се соочи со настани и проблеми кои неминовно влијаеа врз нормалната динамика на полициско работење, поради што во повеќе наврати се јави потребата од дополнително вонредно ангажирање на човечки и материјални ресурси, што пак влијаеше на преземање на другите претходно предвидени мерки и активности. Како карактеристични настани и појави кои ја одбележаа 2015 година и влијаеа на полициското работење, се издвојуваат следните:

- Нарушување на јавниот ред и мир во поголем обем (организирано преку социјални мрежи) по објавените снимени материјали во врска со починатото лице Мартин Нешковски,
- Поставување и престој во кампови на незадоволни граѓани пред објектот на Влада на РМ како и од страна на поддржувачи на актуелната власт пред Собрание на РМ,
- Одржани 107 протести и 97 јавни собири, организирани, во најголем дел од страна на политички партии, како и од невладини организации, групи на незадоволни граѓани, стечајни работници и други,
- Фрлена експлозивна направа на паркинг просторот пред објектот на СВР Скопје,
- Истрелани две експлозивни направи кон објектот на Владата на РМ,
- Студентски и средношколски маршеви и протести како и Јавен пленум на студенти и професори заради реформите во образовниот систем и
- Настани во рамки на акцијата на МВР против терористичка група во Диво насеље-Куманово кои, иако не се случија на територијата на Скопје имаа директно влијание врз безбедносна состојба во државата.

Генерален заклучок е дека безбедносната состојба на територијата на град Скопје во текот на 2015 година беше релативно стабилна, со исклучок на наведените настани кои доведоа до одложување на претходно планирани мерки и активности поради опасност од загрозување на животот, здравјето, имотот или личната сигурност на граѓаните, повреда на човековите права и слободи загарантирани со Уставот, законите, меѓународните документи и други правни норми, а со тоа и можност за нарушување на угледот и довербата во полицијата и загрозување на животот и здравјето на полициските службеници.

Сепак и покрај сите пресметани ризици со кои се соочи Секторот за внатрешни работи за град Скопје, оценката е дека преземените мерки и активности, брзината и ефикасноста при преземање на истите, професионализмот и посветеноста на полициските службеници, овозможија брзо воспоставување на контрола при што се спречи ескалација на настаните кои би ја влошиле безбедносната состојба од аспект на граѓански, политички, економски и севкупен општествен живот.

## Б) РЕГИСТРИРАНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА

| Категорија на кривично дело или прекршок | 2015 година | 2014 година | Процент |
|---|---|---|---|
| Вкупно регистрирани кривични дела | 11175 | 12493 | -10,55% |
| Кривични дела со познат сторител | 2377 | 2275 | 4,48% |
| Извршени кривични дела од НН сторител | 8798 | 10209 | -13,82% |
| Расветлени НН кривични дела извршени во тековен период | 1006 | 1444 | -30,33% |
| % на расветлени кр.дела од НН сторител од тековен период | 11,43% | 14,14% | -2,71% |
| Вкупно расчистени кривични дела од тековен период | 3383 | 3728 | -9,25% |
| Расветлени НН кривични дела извршени во претходен период | 249 | 413 | -39,71% |
| Вкупно пријавени лица | 3681 | 4094 | -10,09% |
| Откриени кривични дела - Организиран криминал | 49 | 34 | 44,12% |
| Откриени кривични дела - Економски криминал | 113 | 98 | 15,31% |
| Откриени кривични дела – Недозволена трговија | 181 | 199 | -9,05% |
| Откриени кривични дела од Законот за акцизи | 3 | 0 | - |
| Регистрирани кривични дела - Класичен криминал (без ЗБС) | 9687 | 12166 | -20,38% |
| * Кр.дела извршени од НН сторител-Класичен криминал | 8684 | 10146 | -14,41% |
| * Расчистени кр.дела од тековен период-Класичен криминал | 1001 | 1437 | -30,34% |
| * Расчистени кр.дела од предходен период-Класичен криминал | 249 | 411 | -39,42% |
| Кривични дела против животот и телото | 255 | 248 | 2,82% |
| * Кривично дело „Убиство“ | 6 | 9 | -33,33% |
| * Кривично дело „Обид за убиство“ | 7 | 9 | -22,22% |
| Кривични дела против половата слобода и морал | 20 | 36 | -44,44% |
| * Кривично дело „Силување“ | 9 | 4 | 125,00% |
| * Кривично дело „Обид за силување“ | 1 | 1 | |
| * Кривично дело „Полов напад на дете“ | 6 | 11 | -45,45% |
| Имотни деликти | 8854 | 10225 | -13,41% |
| Имотни деликти извршени со насилство | 503 | 486 | 3,50% |
| * Кривично дело „Разбојништво“ | 165 | 167 | -1,20% |
| * Кривично дело „Разбојничка кражба“ | 13 | 17 | -23,53% |
| * Кривично дело „Тешка кражба на дрзок начин“ | 325 | 235 | 38,30% |
| Кривично дело „Тешка кражба“ | 5604 | 6608 | -15,19% |
| * Тешка кражба на возило | 6 | 83 | -92,77% |
| * Тешка кражба во стан | 1411 | 1495 | -5,62% |
| * Тешка кражба во возило | 1305 | 1907 | -31,57% |
| * Тешка кражба во продавница | 368 | 281 | 30,96% |
| Одземање на моторно возило | 237 | 333 | -28,83% |
| Кривично дело „Кражба“ | 2610 | 2810 | -7,12% |
| * Кривично дело „Џебна кражба“ | 1000 | 1104 | -9,42% |
| Спречување и напад на овластено службено лице | 57 | 48 | 18,75% |
| Прекршоци по Јавен ред и мир (по Барања за ПП) | 3494 | 1916 | 82,36% |
| * Прекршок „Физички напад“ | 1179 | 711 | 65,82% |
| * Прекршок „Учество во тепачка“ | 403 | 344 | 17,15% |
| * Прекршок „Напад,спречување или омалововажување на службено лице“ | 180 | 84 | 114,29% |
| Прекршоци по поредок по поднесени Барања за ПП | 426 | 278 | 53,24% |
| * Прекршок „Бесправно држење оружје“ (поднесени Барања за ПП по Закон за оружје ) | 171 | 101 | 69,31% |
| Вкупно сообраќајни незгоди | 3703 | 3614 | 2,46% |
| * сообраќајни незгоди со ТТП и ТП | 1785 | 1834 | -2,67% |
| * сообраќајни незгоди со повредени лица | 2438 | 2711 | -10,07% |
| * сообраќајни незгоди со загинати лица | 37 | 27 | 37,04% |
| * сообраќајни незгоди со материјална штета | 1881 | 1754 | 7,24% |

Во 2015 година, според Кривичниот уписник за кривични дела што се гонат по службена должност, регистрирани се вкупно 11175 кривични дела (12493 кривични дела – 2014 година), што претставува намалување за 1318 кривични дела или намалување за 10,54% во однос на 2014 година.

***Сторители***

Во поглед на сторителите, во 2015 година кривично пријавени се 3681 лица што е за 10,05% помалку во однос на 2014 година. Од вкупната бројка на пријавени лица 3310 биле полнолетни или 89,92% од вкупниот број на пријавени лица (во 2014 година бројката е 3537), 329 лица биле малолетни или 8,93% (во 2014 година бројката е 495), 42 или 1,14% биле деца (во 2014 година бројката е 62). Вкупно 1842 од пријавените сторители се повторници, што е за 14,32% помалку од минатата година и на вкупно 93 од кривично пријавените лица им била изречена мерка – притвор додека во 2014 година оваа бројка изнесувала 113 лица.

Од вкупната бројка на кривично пријавени сторители, 65 лица се странски државјани (67 во 2014 година). Овие лица се пријавени за вкупно 95 кривични дела (65 во 2014 година), а поднесени се 55 кривични пријави (57 во 2014 година). Од нив најмногу се државјани на Косово - 19, Албанија - 12, Бугарија - 11, Србија - 7, Турција - 3, по двајца од Хрватска, САД, Грција и Германија и по 1 (еден) од Австрија, Велика Британија и Холандија.

***Застапеноста на кривичните дела согласно поделбата на видови на криминалитет е следна:***

- Во 2015 година, од областа на класичен криминал регистрирани се вкупно 10826 кривични дела, додека во 2014 година, регистрирани се вкупно 12166 кривични дела, што преставува намалување за 1340 кривични дела или намалување за 11% во однос на вкупниот обем на класичниот криминалитет регистриран во 2014 година.
- Од областа на економскиот криминалитет реализирани се вкупно 113 кривични дела и истите се со тренд на зголемување за 15 кривични дела, или зголемување од 15,31% во однос на 2014 година.
- Зголемување регистрираме кај кривичните дела од областа на организиран криминал. Имено, во 2015 година, регистрирани се 49 кривични дела, а во 2014 година биле регистрирани 34 кривични дела.
- Во 2015 година, регистрирани и реализирани се вкупно 181 кривични дела од областа на Недозволена трговија, и истите се со тренд на намалување за 18 кривични дела, односно намалување за 9,05% % во однос на 2014 година, кога биле реализирани 199 кривични дела.

***Во поглед на најзастапени кривични дела состојбата е следна:***

- Во 2015 година, регистрирани се 255 кривични дела против животот и телото, (248 во 2014 година) од кои „Телесна повреда при вршење на семејно насилство“ – 140 (102 во 2014 година), „Тешка телесна повреда“ – 52 (61 во 2014 година) и „Загрозување со опасно орудие при караница или тепачка“ – 29 (40 во 2014 година).
- Регистрирани се вкупно 69 кривични дела против слободата и правата на човекот (57 кривични дела во 2014 година), од кои најбројни се „Загрозување на сигурноста при вршење на семејно насилство“ – 47 (26 во 2014 година) и „Противправно лишување од слобода“ – 9 (12 во 2014 година).
- Од кривични дела против половата слобода и морал во 2015 година регистрирани се 20 (36 во 2014 година) од кои најбројни се „Силување“ – 9 (4 во 2014 година) и „Полов напад врз дете“ – 6 (11 во 2014 година).
- Регистрирани се и 45 дела против бракот и семејството (44 во 2014 година) и од нив најзастапени се „Запуштање на дете“ - 28 (27 во 2014 година) и „Вонбрачен живот со малолетник“ – 10 (7 во 2014 година).
- Во 2015 година, регистрирани се 8854 кривични дела (10225 во 2014 година) од имотните деликти при што и оваа година најзастапени се „Тешките кражби“ – 5604 (6608 во 2014 година), „Кражбите“ - 2610 (2810 во 2014 година) и „Разбојништва“ и „Разбојнички кражби“ - вкупно за двете дела –178 ( 184 во 2014 година).
- Од економски криминал, регистрирани се 113 кривични дела и истите се во пораст од 15,31% во однос на 2014 кога се регистрирани 98 кривични дела. Најзастапени се „Злоупотреба на службена положба и овластување“ – 37 (7 во 2014 година), „Фалсификување или уништување деловни книги“ – 19 (7 во 2014 година), „Измама при добивање кредит или друга погодност“ – 14 (2 во 2014 година) и 11 дела

„Фалсификување службена исправа“ (9 во 2014 година).

➢ На подрачје на Скопје, во 2015 година регистрирани се 181 кривично дело од областа на недозволена трговија, од кои 114 се од областа на недозволено производство и трговија со дрога и други психотропни супстанции, а 65 се за недозволено изработување и држење на оружје. Притоа регистрирано е „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ – 97 (94 во 2014 година), „Овозможување на употреба наркотични дроги“ – 17 (35 во 2014 година) и „Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“ – 65 (68 во 2014 година).

***Материјална штета***

Материјалната штета од регистрирани кривични дела (глава 23 од КЗ на РМ, глава 26, глава 27 и кривични дека од областа на економски криминал) во 2015 година изнесува 522.669.636,оо денари (во 2014 година изнесуваше 525.493.840,оо денари). При тоа, материјална штета од имотни деликти во 2015 година изнесува 407.745.235,оо денари, од кривичните дела против општата сигурност изнесува 6.234.565,оо денари, од кривичните дела против безбедноста во сообраќајот изнесува 56.647.466,оо денари и од кривичните дела од областа на економски криминал изнесува 52.042.370,оо денари.

***Ефикасност***

| ВКУПНО КРИВИЧНИ ДЕЛА | Познат сторител | Непознат сторител | Вкупно КД на подрачје на Скопје | Расветлени во извештаен период | Расветлени од други години | Вкупно расветлени | Ефикасност во проценти | Вкупно пријавени лица |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2015 година | 2377 | 8798 | 11175 | 1006 | 249 | 1255 | 11,43% | 3682 |
| 2014 година | 2275 | 10209 | 12493 | 1444 | 413 | 1857 | 14,14% | 4094 |
| 2013 година | 2211 | 14202 | 16431 | 1934 | 365 | 2299 | 13,62% | 4565 |

Во 2015 година бележиме намалување на расветлени кривични дела во извештајниот период од 11,43% кој процент изнесуваше 14,14% во 2014 година односно 13,62% во 2013 година. Вкупниот пад на ефикасноста изнесува 2,71%, но треба да се има во предвид големото намалување на регистрираните кривични дела во 2015 година од 10,55% во однос на 2014 година и дури 31,99% во однос на 2013 година.

| ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА | ВКУПНО КД 2015 | ВКУПНО КД 2014 | ПРОЦЕНТ НА НАМАЛУВАЊЕ | ЕФИКАСНОСТ ВО % 2015 | ЕФИКАСНОСТ ВО % 2014 | РАЗЛИКА ВО ЕФИКАСНОСТ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ЦЕНТАР | 2533 | 2812 | -9,92% | 10,63% | 13,19% | -2,56% |
| БИТ ПАЗАР | 1226 | 1353 | -9,39% | 8,72% | 9,50% | -0,78% |
| КИСЕЛА ВОДА | 739 | 796 | -7,16% | 11,15% | 20,00% | -8,85% |
| КАРПОШ | 1495 | 1696 | -11,85% | 9,07% | 13,08% | -4,01% |
| ГАЗИ БАБА | 1550 | 1596 | -2,88% | 12,18% | 15,60% | -3,42% |
| ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | 816 | 1180 | -30,85% | 13,53% | 13,92% | -0,39% |
| ЧАИР | 1114 | 1311 | -15,03% | 15,54% | 14,81% | 0,73% |
| ДРАЧЕВО | 437 | 470 | -7,02% | 25,95% | 20,56% | 5,39% |
| АЕРОДРОМ | 1265 | 1279 | -1,09% | 9,74% | 15,07% | -5,33% |

Врз основа на регистрираните кривични дела по подрачје кое го покрива Полициска станица од општа надлежност во рамки на СВР Скопје, бележиме намалување во регистрирани кривични дела кај сите подрачја при што намалувањето е во опсег до 30,85% односно:

➢ Најголемо намалување на регистрирани кривични дела има на подрачјето на ПС ОН „Ѓорче Петров“ – 30,85% и истите бележат мал пад на ефикасноста во расветлување на кривични дела.

➢ Најмало намалување на кривични дела има на подрачје на ПС ОН „Аеродром“ –1,09% и се едно од двете подрачја со најголем пад на ефикасноста во расветлување на кривични дела од извештаен период од 5,33%, после ПС ОН „Кисела Вода“ со намалување на ефикасноста од 8,85% во однос на 2014 година.

| | Вкупно поднесени кривични пријави | Кривични пријави во: со познат сторител | Кривични пријави во: за расветлени НН дела | Кривични пријави за расветлени НН дела од други години | Известувања: По наредба | Известувања: Без наредба |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2015 година | 2871 | 2053 | 670 | 178 | 252 | 1744 |
| | | | | | 1996 | |
| 2014 година | 3045 | 1946 | 850 | 249 | 4876 | 3422 |
| | | | | | 8298 | |

Во 2015 година се поднесени 2871[1] кривични пријави, за 5,71% помалку од 2014 година, како и намалување од 76% на поднесени Известувања во однос на 2014 година кога беа поднесени 8298, што пак беше зголемување од 152,5% во однос на 2013 година кога бројката била 1759.

Основното Јавно обвинителство, по поднесени кривични пријави, во 2015 година има отфрлено 1567 (бројката вклучува пријави поднесени во претходните години). Најмногу се отфрлени бидејќи се постапило по упатствата на ЈО – 604 (531 во 2014 година), нема сомнение за сторено кривично дело – 235 (227 во 2014 година), кривичното дело не се гони по службена должност – 205 (199 во 2014 година) и поради настапена застареност –163 (272 во 2014 година).

## II. СОСТОЈБИ ПО ОБЛАСТИ НА КРИМИНАЛ

Оваа година, како и во претходните, не бележиме промена во криминалитетот на подрачјето на град Скопје. И понатаму на ова подрачје, најзастапени се кривичните дела од областа на имотните деликти, но и кривични дела во врска со недозволената трговија со droги, психотропни супстанци и прекурсори, трговија со оружје, фалсификување пари, изнуда и други видови на кривични дела со елементи на насилство.

## 1) ОРГАНИЗИРАНИ ВИДОВИ КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

Од областа на организираниот криминал во 2015 година, регистрирани се 49 кривични дела и истите се во зголемување за 44,1% во однос на 2014 година, кога биле регистрирани 34 кривични дела. Кривичните дела во 14 случаи се извршени од страна на познат сторител, а во 35 случаи извршени се од страна на непознат сторител, при што пријавени се вкупно 33 лица (31-полнолетни и 1-малолетник), од кои 8 (осум) лица се повторници, а на 7 (седум) лица им е одредена мерка притвор.

| ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ | 2015 година | 2014 година |
|---|---|---|
| ДЕЛА ОД ОБЛАСТА НА КОРУПЦИЈАТА | | |
| Примање поткуп | 2 | 2 |
| Давање поткуп | 1 | 7 |
| КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОБЛАСТА НА ФАЛСИФИКУВАЊЕ | | |
| Фалсификување пари | 36 | 10 |
| ДРУГИ ДЕЛА ОД ОБЛАСТА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ | | |
| Злоупотреба на безвизен режим | 2 | 2 |
| Криумчарење мигранти | 6 | 6 |
| ВКУПНО КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ | 41 | 34 |

Евидентираните 49 кривични дела се: 36 дела „Фалсификување пари“, 6 (шест) „Криумчарење мигранти“, по 2 (две) дела „Примање поткуп“ и „Злоупотреба на безвизниот режим со државите членки на Европската унија и на Шенгенскиот договор“ и по 1 (едно) дело „Давање поткуп“, „Злосторничко здружување“ став 1 и „Злосторничко здружување“ став 2.

Најмногу регистрирано кривично дело од областа организираниот криминал е „Фалсификувањето пари“ за што се поднесени 2 (две) кривични пријави против 2 (две) лица кои во оптек пуштиле: 2 (две) банкноти во апоени од по 50 евра и 1 (една) банкнота во апоени од 100 евра. Една банкнота била пуштена во оптек во Спортска обложувалница „Златна Копачка“ во населбата Бутел, додека другите 2 (две) банкноти се пронајдени од страна на полициски службеници при вршење на телесен преглед над лице.

Исто така, до Основното Јавно Обвинителство Скопје доставени се и 34 Записници за примање на кривична пријава против 34 непознати лица, кои во повеќе наврати и на различни места на територијата на Скопје пуштиле во промет поголем број фалсификувани банкноти, од кои во најголем број случаи се работи за фалсификувани банкноти во апоени од 500,оо денари.

[1] Во Кривичниот Уписник на СВР Скопје за 2015 година се евидентирани вкупно 2901 од кои: за 2871 кривична пријава подносители се организационите единици во СВР Скопје, 28 кривични пријави поднесени од РЦ за ГР „Север“ и 2 (две) кривични пријави поднесени од останати организационите единици во МВР на РМ.

## 2) ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ

| Кривични дела од областа на економски криминал | 2015 година | 2014 година | материјална штета за 2015 (во денари) |
|---|---|---|---|
| Регистрирани кривични дела | 113 | 98 | 52.042.370 |
| Навлегување во компјутерски системи | 5 | 40 | 39.600 |
| Фалсификување службена исправа | 11 | 9 | |
| Злоупотреба на службената положба | 37 | 7 | 32.263.280 |
| Фалсификување или уништување на деловни книги | 19 | 7 | |
| Пустошење шуми | 1 | 5 | 9.100 |
| Останати | 1 | 4 | |
| Изработка на лажна платежна картичка | 1 | 3 | |
| Бесправно градење | 3 | 2 | 1.832.450 |
| Издавање чек без покритие | 0 | 2 | |
| Измама при добивање кредит | 14 | 2 | 4.540.450 |
| Повреда на права од инд.сопс. и неовл.употреба на туѓа фирма | 4 | 2 | |
| Даночно затајување | 5 | 1 | 11.936.790 |
| Компјутерска измама | 4 | 1 | 610.700 |
| Симнување или оштетување службен печат или знак | 1 | 1 | |
| Незаконит лов | 1 | | |
| Несовесно работење во службата | 2 | | |
| Повреда на авторско право | 1 | | |
| Прикривање стоки/предмет на криумчарење и царинска измама | 3 | | 810.000 |

Од областа на економскиот криминал во 2015 година, регистрирани се вкупно 113 кривични дела и истите се во зголемување за 15,3 % во однос на 2014 година, кога биле регистрирани 98 кривични дела.

Од регистрираните дела, 103 се извршени од страна на познат сторител, а 10 се извршени од страна на непознат сторител, при што расветлено е 1 (едно) кривично дело. За сторените кривични дела поднесени се вкупно 56 кривични пријави, за што се пријавени 140 лица, од кои 54 се повторници, а 1 (едно) лице е малолетник.

Вкупната материјална штета од сите регистрирани кривични дела од областа на економскиот криминал во 2015 година изнесува 52.042.370,оо денари (минатата година 12.279.975,оо ден). Во споредба со 2014 година кога материјалната штета од овие дела изнесуваше 12.279.975,оо ден во 2015 година истата е во зголемување.

Согласно анализата на поднесените кривични пријави сторителите во најголем број се раководни лица и вработени во јавните претпријатија, потоа во министерствата, општините и други органи на управата и во акционерски друштва (сопственици на правни лица, овластени лица во правно лице, пазарен инспектор, директор и вработени во ЈП „Македонија пат" Скопје, вработени во болници, полициски службеници, вработени во Македонски шуми, директор, претседател на комисија за јавни набавки, членови на комисии и др.). Кривичните дела најчесто се извршени од страна на високи функционери или раководни лица (директори, раководители на сектор), но не ретко кривични дела се вршени и од вработени кои имаат пониски надлежности и овластувања.

Во однос на старосната структура застапени се сите возрасти, а како најчести сторители се јавуваат високообразовани машки лица, кои потекнуваат од урбаната градска средина, додека бројката на оние со основно или без образование е значително помала и тие најчесто се пријавувани за „Помагање" в.в. „Злоупотреба на службената положба и овластување".

Од кривичните дела од областа на економскиот криминал најмногубројни се „Злоупотребата на службена положба и овластување" – 37, „Фалсификување или уништување деловни книги" – 19, „Измама при добивање кредит или друга погодност" – 14 и 11 дела „Фалсификување службена исправа".

Со извршените кривични дела од областа на економскиот криминал пријавените лица противправно присвоиле износ од околу 52.042.370,оо денари, а нанеле штета на повеќе правни лица, институции и јавни претпријатија, а го оштетиле и Буџетот на Република Македонија.

Во 2015 година бележиме тренд на зголемен број на извршени, но и откриени кривични дела „Злоупотреба на службената положба и овластување", при што најголем дел од кривичните дела се извршени со незконито издавање на одобренија и дозволи за сеча на шума и незаконити промени во катастарот на недвижности. За кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување се поднесени 25 кривични пријави против 46 лица кои злоупотреби се вршени на начин што сторителите со фалсификувана документација врз основа на која остварувале разни права како за себе така и за други физички и правни

лица, не почитувајќи ги законските прописи и процедури, им било овозможено да прибават поголем износ на парични сретства без да постои основ за истите, на кој начин пријавените оствариле корист во вкупен износ од околу 35.500.000,00 денари.

## 3) КЛАСИЧЕН КРИМИНАЛ

Во 2015 година, регистрирани се вкупно 10826 кривични дела од областа на класичниот криминал (12166 во 2014 година), од кои 9283 се дел од општиот криминалитет (10630 во 2014 година), а најголемиот дел од нив, односно 8854 кривични дела се имотни деликти.

***Имотни деликти***

Имотните деликти во 2015 година бележат намалување за 1371 кривични дела или намалување за -13,40% во однос на 2014 година. Од нив 8433 кривични дела се извршени од страна на непознат сторител, 410 се извршени од познат сторител и 11 лица фатени на лице место при извршување на кривични дела. Вкупно се расветлени 1116 кривични дела извршени од  непознат сторител. Од нив, 883 кривични дела се од 2015 година, што е ефикасност од 10,47% и 233 расветлени кривични дела од претходен период. За сите расчистени дела, пријавени се 1472 лица (1190-полнолетни, 241 - малолетни и 41 - дете), од кои 935 се повторници, а на 39 лица одредена им е мерка притвор.

| Кривично дело | Познат сторител | Фатен на ЛМ | Непознат сторител | Вкупно КД | Расветлени во извештаен период | Ефикасност во проценти | Расветлени од др.години | Вкупно расветлени КД | Полнолетни | Малолетни | Деца | Вкупно лица | Вкупно КД од малолетници | Повторници | Притвор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обична кражба | 233 | 6 | 2371 | 2610 | 187 | 7,89% | 44 | 231 | 394 | 26 | 11 | 431 | 38 | 232 | 5 |
| Тешка кражба | 16 | 4 | 5584 | 5604 | 541 | 9,69% | 171 | 712 | 527 | 179 | 27 | 733 | 227 | 512 | 12 |
| Разбојништво/ Разбојничка кражба | 5 | 1 | 172 | 178 | 64 | 37,21% | 7 | 71 | 86 | 21 | 2 | 109 | 15 | 60 | 17 |

Согласно стаститичките податоци кои се однесуваат на кривични дела „Кражба“, „Тешка кражба“, „Разбојништво“ и „Разбојничка кражба“ во текот на 2015 година, регистрирани се 8392 кривични дела (9602 во 2014 година) или за -12,6 % помалку од минатата година. Притоа, расветлени се 1014 кривични дела - регистрирани од тековниот период и регистрирани од други години (1536 во 2014 година) при што пријавени се вкупно 1273 лица (1635 во 2014 година), од кои 804 се повторници (1077 во 2014 година), 226 се малолетни лица (330 во 2014 година), а 40 се деца (42 во 2014 година) и за вкупно 33 лица одредена е мерка притвор (37 во 2014 година).

Со тешки кражби во затворени објекти и моторни возила најнападнати подрачја во 2015 година се Центар, Гази Баба, Карпош, Аеродром и Чаир и истите опфаќаат скоро 70% од вкупниот број на евидентирани кривични дела тешки кражби на подрачјето на Скопје.

## *Малолетничка деликвенција и семејно насилство*

| Кривично дело | Познат сторител | Вкупно КД | Полнолетни сторители | Малолетни сторители | Вкупно лица | Вкупно КД од малолетни | Повторници | притвор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вонбрачен живот со малолетник | 10 | 10 | 9 | | 9 | | 4 | |
| Запуштање малолетник | 28 | 28 | 31 | 1 | 32 | 1 | 19 | 1 |
| Загрозување на сигурноста вв семејно насилство | 47 | 47 | 27 | | 27 | | 17 | 1 |
| Тешка телесна повреда вв семејно насилство | 8 | 8 | 11 | | 11 | | 5 | 1 |
| Телесна повреда вв семејно насилство | 140 | 140 | 141 | 1 | 142 | 1 | 86 | 1 |

Во врска со кривични дела од областа на малолетничката деликвенција и семејното насилство, во 2015 година, регистрирани се 233 (во 2014 година 167) кривични дела или 66 кривични дела повеќе и сите се со со познат сторител, а притоа пријавени се вкупно 221 лице од кои 131 се повторници, 2 се малолетни лица, а за 4 лица одредена е мерка притвор.

Во поглед на спречување на малолетничката деликвенција и семејното насилство, во 2015 година врз основа на План и повеќе анекс-планови за давање на асистенција на ЈУ„Меѓуопштински Центар за социјална работа на Град Скопје", во соработка со претставници од истиот и Дневните центри за деца на улица, се преземаа мерки и активности за сузбивање на социопатолошката појава „Питачење". Воедно, се постапуваше и по План за оперативно покривање на институции каде се сместени деца и малолетници штитеницина Домовите за деца „Ранка Милановиќ", „25 Мај", „11 Октомври", СОС Детско село и Младинска куќа, Дневните центри за деца на улица во населбите Кисела Вода и Автокоманда.

## *Насилен криминал и крвни деликти*

Во 2015 година, регистрирани се 255 **кривични дела против животот и телото**, (248 кривични дела во 2014 година) од кои: 6 (шест) кривични дела „Убиство", 7 (седум) „Убиство во обид", 140 кривични дела „Телесна повреда вв семејно насилство", 52 кривични дела „Тешка телесна повреда", 8 (осум) „Тешка телесна повреда вв семејно насилство", 13 кривични дела „Учество во тепачка", како и 29 кривични дела „Загрозување со опасно орудие при караница или тепачка".

| Кривично дело | Познат сторител | Непознат сторител | Вкупно КД | Расветлени во извештаен период | Ефикасност во проценти | Расветлени од други години | Вкупно расветлени | Вкупно полнолетни лица | Вкупно малолетни лица | Вкупно деца | Вкупно лица | Вкупно КД од малолетни лица | Повторници | притвор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Убиство | 4 | 2 | 6 | | | | | 4 | | | 4 | | 3 | 3 |
| Убиство во обид | 5 | 2 | 7 | | | 1 | 1 | 6 | | | 6 | | 4 | 3 |
| Тешка телесна повреда | 33 | 19 | 52 | 9 | 47,37 | 5 | 14 | 44 | 7 | | 51 | 5 | 27 | 2 |
| Загрозување со опасно орудие | 18 | 11 | 29 | 10 | 90,91 | 1 | 11 | 29 | 3 | | 32 | 2 | 18 | |
| Силување | | 9 | 9 | 1 | 11,11 | | 1 | 1 | | | 1 | | 1 | |
| Силување во обид | | 1 | 1 | | | | | | | | | | | |
| Задоволување полови страсти пред друг | | 2 | 2 | 1 | 50 | 1 | 2 | 2 | | | 2 | | | |
| Полов напад на дете | 5 | 1 | 6 | 1 | 100 | | 1 | 5 | 1 | | 6 | 1 | 2 | |
| Посредување при вршење проституција | | | | | | | | | | | | | | |
| Прикажување порнографски материјал на дете | 1 | | 1 | | | | | 1 | | | 1 | | 1 | |

Од наведените кривични дела против животот и телото, 220 кривични дела се извршени од страна на познат сторител, а 35 кривични дела од страна на непознат сторител. Вкупно се расветлени 31 кривични дела сторени од непознат сторител од кои 24 се расветлени од извештаен период при што е постигната ефикасност од 68,57%, додека 7 (седум) расветлени кривични дела со непознат сторител се од други години.

За сите расчистени кривични дела пријавени се вкупно 290 лица (267-полнолетни и 23 малолетни лица), од кои 159 се повторници, а на 10 лица одредена е мерка притвор.

Во 2015 година, регистрирани се вкупно 69 **кривични дела против слободата и правата на човекот** (57 кривични дела во 2014 година), од кои: 9 (девет) кривични дела „Противправно лишување од слобода", 47 кривични дела „Загрозување на сигурноста вв семејно насилство", 5 (пет) „Загрозување на сигурноста против службено лице", 4 (четири) „Злоупотреба на лични податоци" и 2 (две) „Грабнувања", како и 2 (две) останати кривични дела од оваа област. Од овие кривични дела, 59 се извршени од страна на познат сторител, а 10 се извршени од страна на непознат сторител. Вкупно се расветлени 5 (пет) кривични дела извршени од непознат сторител, сите од извештаен период при што е постигната ефикасност од 50%. За сите расчистени кривични дела пријавени се вкупно 50 лица (49-полнолетни и едно малолетно лице), од кои 28 се повторници, а на едно лице му е одредена мерка притвор.

Во врска со **кривични дела против половата слобода и морал** во 2015 година регистрирани се вкупно 20 (36 во 2014 година) од кои: 9 (девет) кривични дела „Силување" и 1 (едно) „Силување во обид", 6 (шест) кривични дела „Полов напад врз дете", 2 (две) „Задоволување полови страсти пред друг" (2), едно кривично дело „Прикажување порнографски материјал на дете" и едно останато кривично дело од оваа област. Од вкупниот број кривични дела, 7 (седум) кривични дела се сторени од познат сторител, а 13 се со непознат сторител. Вкупно се расветлени 4 (четири) кривични дела сторени од непознат сторител од кои 3 (три) се од извештаен период со ефикасност од 23,08% и едно кривично дело со непознат сторител е од друга година. Пријавени се 10 лица (9 –полнолетни и едно малолетно лице), од кои 4 (четири) се повторници.

Во 2015 година, регистрирани се 45 **кривични дела против бракот и семејството** (44 во 2014 година) сите извршени од страна на познат сторител и тоа: 10 (десет) кривично дела „Вонбрачен живот со малолетник", 5 (пет) „Одземање малолетник", 28 кривични дела „Запуштање малолетник" и2 (две) кривични дела „Точење алкохол на малолетник". Вкупно се пријавени 49 лица (48 – полнолоетни и еден малолетник), од кои 25 повторници, а на едно лице одредена му мерка притвор.

Во 2015 година бележиме намалување на агресивното и девијантно однесување, при што евидентно е намалувањето на кривичните дела „Насилство" и „Загрозување со опасно орудие", а при извршувањето на кривичните дела најчесто е користено ладно оружје, метални шипки и огнено оружје.

Во поглед на **крвните деликти**, во 2015 година, бележиме намалување на кривичното дело „Убиство" за 3 (три) дела помалку, како и намалување на „Убиство во обид" за 2 (две) дела помалку отколку во 2014 година. Истите се извршени од полнолетни лица, од кои 7 (седум) лица се повторници, а на 6 (шест) лица одредена им е мерка притвор. Од оваа вкупна бројка на 13 кривични дела, 9 (девет) се со познат сторител, а во текот на 2015 година расветлено е едно кривично дело „Убиство во обид", извршено од други години.

***<u>Самоубиства и несреќни случаи</u>***

СВР Скопје се ангажираше и на случаи на самоубиства и несреќни случаи. Во 2015 година регистрираме 28 самоубиства (37 во 2014 година). Самоубиствата ги извршиле 23 машки и 5 (пет) женски лица, од кои 4 (четири) биле на возраст од 18 до 30 годинии 24 биле на возраст над 30 години, во моменти на нервно растројство, откажување од љубов и други причини. Истите се извршени со бесење - 13, со скокање од височина – 6 (шест), со оружје – 5 (пет), со труење на лекови и отрови – 2 (две) и 1 (едно) на останати начини. Регистрирани се и 9 (девет) обиди за самоубиства (исто толку и во 2014 година) кои ги извршиле 8 (осум) машки и 1 (едно) женско лице. Начинот на извршување во 4 (четири) случаи бил на останати начини, 3 (три) со скокање од височина и по еден со оружје и сечење вени.

Регистрирани се 29 несреќни случаи – задеси/повреда при работа (50 во 2014 година) во кој со последици смрт се 7 (седум) случаи, со тешки телесни повреди се 20 случаи и две се со лесни повреди. Во несреќните случаи настрадале вкупно 28 машки лица и едно женско лице. Во поглед на возраста 6 (шест) биле на возраст до 18 години, исто толку лица биле на возраст од 18 до 30 години и 17 лица на возраст над 30 години.

## 4) НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГИ

На подрачјето на СВР Скопје, во 2015 година регистрирани се вкупно 114 кривични дела од областа на недозволена трговија со droги (во 2014 година 129), од кои 97 дела (во 2014 година 94 дела) се за Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и 17 дела (во 2014 година 35 дела) се за Овозможување на употреба наркотични дроги.

Од областа на недозволена трговија со наркотични дроги откриени се 97 кривични дела по член 215 за што се пријавени 101 лице и 17 кривични дела по член 216, за што се пријавени 14 лица.

| Кривично дело | Познат сторител | Вкупно КД | Полнолетни | Малолетни | Вкупно лица | КД од малолетници | Повторници | Притвор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Неовластено произв. и пуштање во промет наркотични дроги, псих.супстанци и прек. | 97 | 97 | 100 | 1 | 101 | 1 | 69 | 8 |
| Овозможување на употреба наркотични дроги | 17 | 17 | 14 | | 14 | | 9 | |

Активностите насочени кон намалување на снабдувањето со дрога претставуваат откривање на кривични дела од областа на недозволена трговија со дрога, идентификување на сторители и обезбедување на материјални докази за нивно кривично гонење, како водење на истраги за лица сторители на овој вид на криминал, „покривање“ на сите поголеми манифестации и настани каде што се очекува присуство на уживатели на дроги и улични дилери, како и следење на состојби и секојдневна комуникација со други служби, претставници на граѓански здруженија и со лица уживатели на наркотични дроги со цел идентификување на новопројавени улични дилери, места и објекти каде што се дистрибуира дрога, како и утврдување на нови видови на дроги присутни во град Скопје.

| Запленета наркотична дрога и психотропни супстанци | 2015 година | 2014 година |
|---|---|---|
| Марихуана | 2535,32 грама | 21757,742 |
| Стебла марихуана | 184 | 607 стебла |
| Семе за „Канабис сатива“ | 61 семка и 20,47 гр. семки | 17,7гр. семки |
| Листови од „Канабис Сатива“ | 17 листови | |
| Растение канабис | 1,03 грама | |
| Хероин | 424,07 грама | 1975,28 |
| Кокаин | 12,95 | 16,58 |
| Таблети Екстази (МДМА) | 319,5 | 338 и 5 скршени таблети (1,28 гр) |
| Мешавина од парацетамол и кофеин | 523,6 грама | 260,59 гр. |
| Амфетамин | 198,37 грама | 163,43 гр. Прашок |
| Мешавина од тутун и марихуана | 7,75 грама | 31,91 |
| Лактоза | 117,66 | |
| Картон лизергинска киселина | 32 парчиња | |
| Ебеспердин таблети | 26 таблети | |
| Пиперзан таблети | 8 таблети | |
| Бензодијазепан таблети | 1 таблета | |
| Диклофен таблети | 1 таблета | |
| Бензокаин анестетик | 8,01 грам | |
| Левамизол – медикамент | 6,78 грама | |
| Сулфанил амид – антибиотик | 0,45 грам | |
| Канабоидна - психоактивна супстанција | 0,6 мл | |

Во однос на активностите насочени кон намалување на побарувачката на дрога треба да се истакне спроведувањето на предавања во училишта, на состаноци на локална самоуправа и совет на родители, со цел укажување на најмладата популација за штетното влијание од злоупотребата на дроги, како и едукација на родителите и професорите за брзо откривање и детектирање на новопројавени уживатели.

Во 2015 година поднесени се 9 (девет) барања за поведување прекршочна постапка по чл.20 од ЗППЈРМ, „Уживање наркотични дроги и психотропни супстанции“ против 15 сторители, пол-машки, 1 (еден) на возраст до 16 години, 1 (еден) од 16 до 18 години, 6 (шест) на возраст од 19-21 година, 4 (четири) од 22-25 години и 3 (три) на возраст над 25 години.)

Сите прекршоци се констатирани во град, при што е запленето 0,17 грама марихуана, 0,11 грама марихуана во облик на цигара, 3 (три) цигари мешавина тутун и марихуана (1.17 грама), 1 (еден) шприц исполнет со 9 ммл течност – метадон и 1 (еден) шприц со метадон и 0,15 грама мешавина тутун и марихуана во отпушок од рачно изработена цигара.
Како и претходните години за одбележување е зачестената појава на растурање дрога во КПУ Идризово (630 паковки со непозната растителна материја и 165 паковки со непозната прашкаста материја), за што се поднесени 8 (осум) пријави против 8 (осум) осудени лица, за кривично дело по чл.215.

## 5) НТ СО ОРУЖЈЕ И КРИУМЧАРЕЊЕ АКЦИЗНИ И ДРУГИ ВИДОВИ СТОКИ

| Запленето оружје, делови за оружје, муниција и останато | 2015 година | 2014 година |
|---|---|---|
| Пиштол | 16 | 19 |
| Автоматска пушка | 3 | 2 |
| Куршуми | 2806 | 1507 |
| Револвер | 20 | 1 |
| Ловечка пушка | 10 | 12 |
| Огномети, петарди | 44100 | 378549 |
| Основно барутно полнење за мина | 8 | 1 |
| Патрони | 631 | 220 |
| Муниција за пушка | 15 | 7 |
| Рамки | 11 | 3 |
| Барут | 37,8 грама | |
| Оловни проектили за пневматско оружје | 37 | |
| Дијаболи | 100 | |
| Сигнални куршуми | 20 | |
| Цевка од пушка | 12 | |
| Кубура | 4 | |
| Некомплетни револвери | 4 | |
| Цевки од различни видови на оружје | 10 | |
| Основни полнења за минофрлачки гранати | 14 | |
| Рамки за муниција за пушка | 3 | |
| Останато | 23 | 17 |

Во 2015 година откриени се 65 кривични дела од областа на недозволената трговија со оружје при што за кривично дело „Недозволено изработување, држење и тргување со оружје“ кривично се пријавени 61 лица од кои 34 лица се повторници, а на 2 (двајца) сторители им е одредена мерка - притвор.
Во 2015 година поднесени се вкупно 12 Барања за поведување на прекршочна постапка по Закон за заштита од експлозиви против вкупно 14 лица (13 машки и 1 (едно) женско лице) од кои 13 се полнолетни, а 1 (едно) малолетно лице , при што се одземени: 4 (четири) кутии и 12174 парчиња петарди, 138 ракети, 169 огномети и 51 парче останат пиротехнички материјал.
По претходно изработен План за преземање на мерки и активности за сузбивање на препродажба на експлозивни материи (петарди и други пиротехнички средства) реализирани 2 (две) кривични дела „Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“ при што се пронајдени и одземени вкупно 23.100 парчиња пиротехнички средства.

**Криумчарење акцизни и други видови стоки**

Во 2015 година поднесени се 2 (две) кривични пријави од Законот за акцизи при што пријавените лица во текот на септември 2015 година набавиле поголема количина на разновидни трговски стоки – текстилна стока, кожна галантерија, автоделови, кафе, сијалици, режан тутун и друго во вкупна вредност од 4.627.080,00 денари за кои знаеле дека се предмет на кривично дело „Прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама“ и за кои не поседуваат соодветна документација за потекло на стоките и истите имале намера да ги превезат и продаваат низ територијата на РМ, со што го оштетиле буџетот на РМ за сума од 810.000,оо ден.. Лицата се пријавени и за „Недозволено пренесување на акцизно добро односно стока или користење на акцизна дозвола или одобрение“ и „Недозволено тргување со меѓупроизводи, етил алкохол и тутунски добра“, односно стоки од чл.60 од Законот за акциза и една кривична пријава од Законот за игри на среќа и забавни игри, за кривично дело „Приредување на игри на среќа без лиценца“, односно дозвола од надлежен орган од чл.156 од тој законот, при што пријавениот во текот на 2015 година во објет во населбата Шуто Оризари поставил 14 автомати за игри на среќа без да поседува лиценца за приредување на игри на среќа од Министерството за финансии, со што избегнал давачка од 78.750 евра за добивање на таква лиценца.

## III. ЈАВЕН РЕД И МИР И ОСТАНАТИ ПОЛИЦИСКИ РАБОТИ

Преку континуирано следење на целокупната безбедносна состојба и состојбата од областа на јавниот ред и мир, криминалитетот и други асоцијални појави и настани на територијата на град Скопје, со навремено и објективно информирање за покарактеристични безбедносни настани, СВР Скопје преземаше плански мерки и активности, притоа користејќи ги информациите, периодичните прегледи, осврти и анализи за безбедносни појави и настани. Врз основа на овие информации редовно се следеше состојбата со јавниот ред и мир, преку присуство на терен, надзорно-инструкторска и контролна дејност, што резултираше со навремено давање на потребни насоки, инструкции и стручна помош за разрешување на состојбите.

### *Прекршоци*

| Прекршоци против ЈРМ согласно барања за поведување на прекршочна постапка | | 2015 година | 2014 година | Процент +/- |
|---|---|---|---|---|
| Број на прекршоци за кои се поднесени барања | | 3494 | 1916 | 82,36% |
| Број на поднесени барања за ПП | | 3195 | 1816 | 75,94% |
| Град | | 2888 | 1635 | 76,64% |
| Село | | 606 | 281 | 115,66% |
| место на извршување | Улица, плоштад и сл. | 1524 | 933 | 63,34% |
| | Приватен стан | 789 | 363 | 117,36% |
| | Угостителски објект | 179 | 125 | 43,20% |
| | Други места на јав.сооб. | 34 | 71 | -52,11% |
| | Други места | 968 | 422 | 129,38% |
| Начин на извршување | Поединечно | 2570 | 1379 | 86,37% |
| | Здружени две лица | 675 | 369 | 82,93% |
| | Група од 3 и повеќе лица | 249 | 168 | 48,21% |
| Прекршоци извршени под дејство на алкохол | | 487 | 283 | 72,08% |
| ВКУПНО СТОРИТЕЛИ | | 4709 | 2774 | 69,75% |
| Вкупно одговорни лица | | 15 | 12 | 25,00% |
| Повторници | | 1630 | 893 | 82,53% |
| Пол | Машки | 4233 | 2496 | 69,59% |
| | Женски | 476 | 278 | 71,22% |
| Старост на сторители | До 16 години | 111 | 69 | 60,87% |
| | 16 - 18 години | 396 | 279 | 41,94% |
| | 19 - 21 години | 451 | 281 | 60,50% |
| | 22 - 25 години | 425 | 261 | 62,84% |
| | Преку 25 години | 3326 | 1884 | 76,54% |
| Работен статус | Вработени | 686 | 258 | 165,89% |
| | Ученици, студенти | 251 | 126 | 99,21% |
| | Останати | 2208 | 48 | 4500,00% |
| | Невработени | 1562 | 456 | 242,54% |
| Странски државјани | | 7 | 24 | -70,83% |
| Последици | Повредени | 2072 | 1267 | 63,54% |

Во однос на 2015 година бележиме зголемување за 3,86% на евидентирани нарушувања на ЈРМ, намалување за 12% на нарушувањата со физички напади како и намалување на нарушувањата со тепачки за 18%.[2] Притоа, за 3494 прекршоци против ЈРМ поднесени се 3195 барања за поведување на прекршочна постапка, а пријавени се вкупно 4709 сторители што преставува зголемување на бројот на пријавени лица за 69,75% во однос на 2014 година. Исто така, поднесени се 369 барања за поведување прекршочна постапка согласно Законот за јавен поредок (зголемување за 7,58% во однос на 2014 година), како и 1010 барања за поведување на прекршочна постапка согласно Законот за јавна чистота (намалување за 7,67% во однос на 2014 година).

За прекршоците против јавниот ред и мир за кои се поднесени барања за поведување на прекршочна постапка, во 2015 година бележиме значително зголемување кај сите видови, а кај најчестите видови прекршоци зголемувањето е од 65% до 100%.

| ЗППЈРМ | | 2015 година | 2014 година | процент |
|---|---|---|---|---|
| чл.4 | карање, викање и непристојно однесување | 443 | 244 | 81,56% |
| чл.6 | одавање на пијанство | 221 | 99 | 123,23% |
| чл.7 | вознемирување соседи | 359 | 179 | 100,56% |
| чл.11 | учество, предизвикување или потикнување тепачка | 403 | 244 | 65,16% |
| чл.12 | физички напад | 1179 | 711 | 65,82% |
| чл. 13 | омаловажување државен орган | 180 | 84 | 114,29% |

[2] Податоци од евиденции на СВР Скопје

Во 2015 година поднесени се 3494 барања за поведување на прекршочна постапка согласно Законот за прекршоци против јавниот ред и мир, регистрирани се 4709 прекршители од кои 4233 се машки лица, 476 женски лица, а од нив 1630 лица се повторници. Од вкупниот број на сторители, 2570 лица самостојно сториле прекршок, 675 здружени две лица, а 249 во група од 3 (три) и повеќе лица, 3326 лица биле над 25 годишна возраст, а 507 малолетни лица.
Вкупно 4701 лица се македонски државјани, додека пак 7 (седум) лица се странски државјани (по две од Косово и Црна Гора, а по едно од Данска, Турција и Словенија). Од вкупниот број на прекршоци 487 се извршени под дејство на алкохол, а при извршување на прекршоците повредени се вкупно 2072 лица.
Од евидентираните нарушувања на јавниот ред и мир, најчесто повредени се млади лица на возраст од 19 до 25 години, но и лица над 25 годишна возраст кои се затекнале на критичното место (на отворен или затворен простор) во критичниот момент. Притоа, најголем дел од нападнатите лица се од македонска и албанска националност, а во помал број се од останатите националности.

Покарактеристични нарушувања на јавниот ред и мир бележиме помеѓу малолетници, ученици во средните училишта во Скопје. Нарушувањата најчесто се во кругот на средните училишта, во автобуси на ЈСП Скопје, како и на автобуските постојки каде има голема фреквенција на граѓани и ученици. Покрај вербални закани, инволвираните лица кои претежно се ученици или членови на навивачки групи, нарушувањата најчесто ги извршиле со употреба на физичка сила или тврди предмети, а во одредени случаи и со употреба на нож.
Иако од страна на СВР Скопје се преземаа активни мерки за превенирање на овој вид на нарушувања со постојано присуство на униформирани полициски службеници на критичните локации како и полициски службеници во цивилна облека кои вршеа обезбедување на јавниот превоз, сепак, регистирани се и нарушувања на јавниот ред и мир од поголем обем во кои учествувале ученици и истите се расчистени со поднесени барања за поведување на прекршочна постапка или кривични пријави.

***Спортски натпревари***

Во текот на 2015 година, полициските службеници од СВР Скопје извршија вкупно 1745 вонредни обезбедувања (13,90% повеќе во однос на 2014 година), 24 посебни обезбедувања (36,84% помалку во однос на 2014 година) и 536 Сообраќајни обезбедувања (13,55% повеќе во однос на 2014 година).
Во врска со спортски натпревари со повисок степен на ризик и присуство на поголем број посетители, во текот на 2015 година евидентирани се вкупно 45 случаи на насилно и недостојно однесување на спортски натпревари што претставува зголемување за 12,5% во однос на 2014 година. Притоа, во 42 случаи се утврдени прекршоци согласно Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортски натпревари (намалување за 23,52% во однос на 2014 година), а во три случаи се поднесени кривична пријави за насилство (два случаи повеќе во однос на 2014 година). Од вкупниот број на случаи регистрирани пред, за време или по одигрување на спортски натпревар, во 32 случаи инволвираните лица (сторители) се членови на навивачки групи и тоа „Комити“, „Сити Парк Бојс“, „Фемили“ и „Шверцери“ кои најчесто употребиле пиротехнички средства, палеле бакли, фрлале предмети, пееле песни или дофрлале пораки со содржина која провоцира.
Во текот на 2015 година издадени се вкупно 81 платен налог за сторени прекршоци согласно Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортски натпревари, а поднесени се 45 Барања за поведување прекршочна постапка против 152 лица од кои 29 правни, 26 одговорни лица и 97 физички лица (80 полнолетни и 17 малолетни лица)..

***Протести***

Во 2015 година одржани се 53 повеќе протести на граѓани во однос на 2014 година или вкупно 107, како и 94 други јавни собири. Протестите кои најчесто беа организирани од политички партии, но и од студенскиот и средношколскиот пленум генерално беа мирни и без посериозни нарушувања, со исклучок на неколку протести, а од кои се издвојува ненајавениот протест во месец Мај пред објектот на Влада на РМ, организиран преку социјалните мрежи во врска со претходно објавени снимени материјали за починатото лице Мартин Нешковски, каде од страна на групата граѓани, во неколку наврати со разни предмети (јајца, домати, пластични шишиња, камења и бекатон плочки) беше каменуван кордонот од УПС и Владата на РМ. Притоа, на неколку локации на бул.„Илинден" и бул.„П.Одреди" беа превртени и запалени десетина контејнери за смет, а беа повредени полициски службеници и оштетни службени возила. Во врска со инцидентите беа приведени 30 лица (две од нив малолетни). На 26 им се издадени платни налози за прекршоци од ЗППЈРМ, додека против четири лица поднесена е кривична пријава за кривично дело „Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење службено дејствие" .

***Полициски овластувања***

| | | 2015 година | 2014 година | 2015 година | 2014 година |
|---|---|---|---|---|---|
| | | чл. 13 | | чл. 14 | |
| | | омаловажување државен орган | | непостапување по наредба | |
| Прекршоци за кои се поднесени барања за ПП | | 180 | 84 | 67 | 37 |
| Прекршоци за кои се поднесени барања за ПП | | 140 | 81 | 41 | 32 |
| Град | | 159 | 81 | 66 | 37 |
| Село | | 21 | 3 | 1 | 0 |
| Начин на извршување | Поединечно | 165 | 78 | 64 | 28 |
| | Здружени две лица | 12 | 6 | 2 | 4 |
| | Група од 3 и повеќе лица | 4 | 0 | 1 | 5 |
| Прекршоци извршени под дејство на алкохол | | 52 | 19 | 7 | 6 |
| ВКУПНО СТОРИТЕЛИ | | 194 | 89 | 83 | 86 |

Во поглед на примената на полициските овластувања, во 2015 година бележиме зголемување на бројот на пријавени напади врз службени лица при вршење работи од безбедноста, непочитување на наредба и спречување при вршење на службено дејствие како и омаловажување на полициски службеници за кои се поднесени барања за поведување на прекршочна постапка.

| ПРИМЕНА НА ПОЛИЦИСКИ ОВЛАСТУВАЊА | 2015 година | 2014 година | Процент +/- |
|---|---|---|---|
| Легитимирани лица | 40157 | 30525 | 31,55% |
| Повикани лица | 5017 | 5340 | -6,05% |
| Вкупно приведени лица | 1964 | 2899 | -32,25% |
| Приведени малолетници | 104 | 144 | -27,78% |
| Вкупно задржани лица | 1194 | 1131 | 5,57% |
| Задржани малолетници | 11 | 16 | -31,25% |
| Овозможено право на адвокат | 40 | 63 | -36,51% |
| Лишени од слобода | 1610 | 1330 | 21,05% |

Согласно податоците од Полициските станици, во 2015 година легитимирани се 40157 лица, повикани 5017 лица, лишени од слобода 1610 лица, приведени 1964 лица од кои 104 малолетни, а задржани во полициска станица 1194 лица од кои 11 малолетни. Од друга страна, само полициските службеници од интервентните единици на СВР Скопје – ЕПОИ - Алфа и ЕЈРМ при вршење на редовна мотопатролна дејност вкупно извршиле проверки на идентитет на 20056 лица, 901 прегледи на лица и 6275 прегледи на моторни возила, како и други активности поврзани со полициското работење и овластувања.

***Примена на средства за присилба***

Во текот на 2015 година, согласно статистиката вкупно се евидентирани 67 случај на примена на средства за присилба од кои во 57 случаи примената на средствата за присила биле во град, а во 10 случаи во село. Средствата за присила во 57 случаи била врз вкупно 67 лица (66-мажи и 1-жена од кои едно лице до 16 години, 18 лица на возраст од 23-25 години, а 48 лица над 25 години), од кои 29 лица биле под дејство на алкохол. Две лица врз кои се применети средства за присилба се странски државјани и тоа едниот од Данска

а другиот од Хрватска. Примената на средства за присилба во 28 случаи биле поради нарушен ЈРМ.
Во 11 случаи била применета физичка сила, 48 случаи била применета физичка сила и врзување со лисици, во 1 (еден) случај физичка сила гумена палка и врзување со лисици и во 7 (седум) случаи врзување со лисици. Во 68 случаи, примената на средствата за присилба била оправдана додека во еден случај примената е оценета како неоправдана.

***Асистенции, спроводи обезбедување на транспорт на пари и други вредносни пратки***

Во сите случаи каде беа исполнети законските услови СВР Скопје даваше асистенции на разни Државни органи, по наредба на Судовите и други, при што постапено е по 506 барања (652 барања во 2014 година). Оваа година добиени се 64 барања за асистенции од општините во град Скопје и извршени се вкупно 44, 10 барања се од страна на Министерствата и постапено е по сите, извршителите именувани за подрачјето на Основен суд Скопје 1 побарале 282 асистенции од кои 242 се извршени. СВР Скопје асистираше и при 43 спроводи на 43 лица - Екстрадиции на наши и странски државјани и на 30 спроводи на 386 лица од Транзитни центри за странци и/или баратели на азил. Во 2015 година се извршени и 61 спровод до граничните премини во Македонија при што се спроведени 61 лице, 20 спроводи се до Основни судови и спроведени 20 лица, до општински затвори се 51 спроводи со 51 лице, до останатите Сектори за внатрешни работи се извршени 4 (четири) спроводи на 4 (четири) лица. Во текот на 2015 година, а врз основа на поднесени барања извршени се 390 обезбедувања на банки (транспорт на пари и други вредносни пратки), 226 обезбедувања на транспорт на експлозиви и други вонредни и редовни обезбедувања.

## IV. ПАТЕН СООБРАЌАЈ

Во текот на 2015 година, во градот Скопје се вршеа реконструкции и проширувања на повеќе улици и булевари со што во значителна мерка се придонесе за поголема проточност и безбедност во сообраќајот. Согласно наведеното, од страна на СВР Скопје континуирано се вршеше увид врз состојбата на сообраќајната сигнализација во градот, коловозите и хортикултурата, а за сите констатирани недостатоци се доставуваше службен материјал до надлежните служби за превземање на мерки за надминување на состојбите. Исто така, континуирано се преземаа мерки и активности во насока на попречување, откривање и санкционирање на потешки прекршоци во сообраќајот, кои се најчеста причина особено за сообраќајни незгоди со потешки последици.

***Сообраќајни и железнички незгоди***

| | 2015 | | 2014 | | процент | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Сообраќајни незгоди-вкупно | 3703 | | 3614 | | 2,46% | |
| а) во населба | 3016 | | 3071 | | -1,71% | |
| б) отворен пат | 687 | | 543 | | 26,52% | |
| - со загинати лица | 37 | | 27 | | 37,03% | |
| - со ТТП | 263 | | 254 | | 3,54% | |
| - со ТП | 1522 | | 1580 | | -3,67% | |
| - со материјална штета | 1881 | | 1754 | | 7,24% | |
| Вкупно загинати лица | 37 | | 27 | | 37,04% | |
| -пешаци | 20 | | 9 | | 122,22% | |
| -велосипедисти | 3 | | 1 | | 200,00% | |
| - возачи | 11 | | 10 | | 10,00% | |
| - патници во возило | 3 | | 7 | | -54,14% | |
| Повредени лица (вид на повреда) | ТТП | ТП | ТТП | ТП | ТТП | ТП |
| Вкупно повредени лица | 268 | 2170 | 288 | 2423 | -6,94% | -10,44% |

Во текот на 2015 година, на подрачјето на Скопје, случени се вкупно 3703 сообраќајни незгоди што е за 2,46 % повеќе во однос на 2014 година. Притоа, најмногу сообраќајни незгоди се случиле во населено место (1,79% помалку во однос на 2014 година), а 687 сообраќајни незгоди на отворен пат (26,52% повеќе во однос на 2014 година). Вкупно 37 се сообраќајни незгоди со загинати лица (37,03% повеќе во однос на 2014 година), 263 со тешки телесни повреди (3,54 % повеќе во однос на 2014 година), 1522 со телесни повреди (3,67% помалку во однос на 2014 година), 1881 со материјална штета (7,24% повеќе во однос на 2014 година), а животот го загубиле 37 лица (37,04% повеќе во однос на 2014 година). Од друга страна,

случени се 8 (осум) железнички незгоди од кои во 3 (три) загинаа три лица, во 4 (четири) железнички незгоди 4 (четири) лица се здобиле со тешки телесни повреди и во 1 (една) железничка незгода 1 (едно) лице се здобило со телесни повреди.

| Причини за сообраќајни незгоди | 2015 година | 2014 година | процент |
|---|---|---|---|
| - останати причини | 743 | 1245 | -40,32% |
| - дејствие | 618 | 623 | -0,80% |
| - првенство на минување | 391 | 381 | 2,62% |
| - брзо возење | 310 | 287 | 8,01% |
| - алкохол | 164 | 157 | 4,46% |
| - црвено светло на семафор | 40 | 43 | -6,98% |
| - страна на движење | 40 | 39 | 2,56% |
| - престигнување | 29 | 27 | 7,41% |
| - по грешка на пешаци | 17 | 15 | 13,33% |

Како најчести причини за сообраќајни незгоди, исто како и во 2014 година, се непочитување на првенство на минување, брзо возење, возење под дејство на алкохол, поминување на крстосница на црвено светло како и останати недозволени дејствија.

***Контрола на возачи и возила***

Во текот на 2015 година, на подрачјето на град Скопје, контролирани се вкупно 135257 возачи и возила што преставува намалување за 33,40% во однос на 2014 година. Притоа, од вкупниот број на контролирани возила, 100356 биле исправни (37,18% помалку во однос на 2014 година), а 34901 неисправни (19,49% помалку во однос на 2014 година). Од сообраќај се исклучени вкупно 3795 возила (5,68% повеќе во однос на 2014 година), а вкупно 5665 возачи (5,67% помалку споредбено со истиот период во 2014 година). Извршени се вкупно 13340 алкотестирања на возачи (9,96% помалку во однос на 2014 година), земена е крв и урина за анализа од 184 возачи (9,52% повеќе во однос на 2014 година),времено се одземени 1375 возачки дозволи (13,36% повеќе во однос на 2014 година), на сообраќајна поука се повикани 1837 учесници во сообраќајот (23,62% повеќе во однос на 2014 година). Реализирани се 46 Републички акциски контроли (2,13% помалку во однос на 2014 година) и 70 Локални акциски контроли (89,19% повеќе во однос на 2014 година).

***Констатирани прекршоци***

Согласно евиденциите на Единицата за ПС ОН и Единицата за БПС во текот на 2015 година констатирани се вкупно 34044 прекршоци од областа на сообраќајот, за што се издадени вкупно 17185 платни налози (2091 од нив се наплатени), а 24011 покани за глоба (828 од нив се наплатени).

Согласно барањата за поведување на прекршочна постапка, најчесто констатирани прекршоци во поглед на безбедноста на патниот сообраќај се: 5869 неправилно запирање и паркирање (2,39% повеќе во однос на 2014 година), 7120 нерегистрирани возила (43,49% повеќе во однос на 2014 година), 4224 управувања моторно возило без возачка дозвола (28,50% повеќе во однос на 2014 година), 2385 брзо возење (2,49% повеќе во однос на 2014 година) и 2071 возење под дејство на алкохол – 2071 (3,65% во однос на 2014 година).

Врз основа на податоците добиени од Одделението за прекршоци при СВР Скопје, во 2015 година до надлежните органи поднесени се 33364 барања за поведување на прекршочна постапка за прекршоци од областа од сообраќајот. Од нив до Надлежниот суд за прекршоци се поднесени 15463 барања согласно Законот за безбедност на патниот сообраќај (ЗБСП) како и 17901 барања за прекршоци до Комисиите за прекршоци при МВР. Исто така, доставени се и 24199 платни налози за прекршоци согласно ЗБСП и Законот за возила (16752 од ЗБПС и 7447 од Закон за возила) како и 28521 покани за наплата на глоба за прекршоци од ЗБСП. Од вкупно доставените платни налози, согласно ЗБСП платени се 2065, а согласно Законот за возила платени се 402, додека пак од издадените покани платени се 1347.

Во врска со издадените покани за глоба за полесните сообраќајни прекршоци за кои е предвидена глоба до 45 евра, согласно податоците од Картотеката за негативни бодови за возачи кои живеат на подрачјето на град Скопје, регистрирани се 23435 негативни бодови на возачи со живеалиште во Скопје кои сториле прекршоци од областа на сообраќајот на подрачјето на Град Скопје и во другите градови во Републиката.

Исто така, до надлежниот Суд за прекршоци поднесени се 181 барање за поведување на прекршочна постапка за изрекување санкција „Престанок на важење на возачката дозвола„ за исто толку лица кои во

изминатите 3 години постигнале 100 или повеќе негативни бодови за сообраќајни прекршоци, а од страна на надлежниот Судот за прекршоци на 122 лица им е изречена наведената санкција.
Инаку, во текот на 2015 година од страна на Надлежниот суд за прекршоци се добиени вкупно 13418 пресуди по поднесени барања за поведување на прекршочна постапка за прекршоци од ЗБСП од страна на СВР Скопје. Од нив на 11297 лица им се изречени пресуди за плаќање на глоба, а на 4514 лица им е изречена прекршочна санкција „Забрана за управување на моторно возило" за сообраќајни прекршоци за кои е предвидена забрана во времетраење од 1 до 12 месеци во зависност од прекршокот. До Апелациониот суд се поднесени 86 жалби за пресуди изречени од Основен Суд Скопје 1-Скопје за сообраќајни прекршоци.

***Авто школи***

Во 2015 година извршени се контроли и надзори на работата кај 62 авто школи од кои 56 контроли се спроведени согласно месечни планови, а 6 (шест) надзори се извршени по писмено барање до СВР Скопје од авто школи за проширување на дејноста на работа или отварање на нови авто школи. Извршени се и 34 контроли на спроведување на теоретска настава во авто школите. При тоа, при контролите и надзорот во пет случаи се констатирани неправилности.

## V. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ВО ОБЛАСТА НА ПРЕВЕНЦИЈАТА

Во текот на 2015 година СВР Скопје преку Одделението за превенција чија основна задача е градење на позитивен однос со заедницата, развивање на програми за превенција, идентификување на фактори на ризик и предлагање на мерки и активности за намалување/ отстранување на негативните влијанија, реализира активности насочени кон заштита на животот, личната безбедност и имотот на граѓаните, заштита на слободите и правата на луѓето, одржување на јавниот ред и мир, подобрување на безбедноста на патниот сообраќај и насочување на превентивното работење на полициските станици.
Во делот на превенцијата во сообраќајот ги реализирани се следните активности:

**Соработка со медиуми -** Во текот на 2015 година реализирани се 246 гостувања во утринската програма на Македонско Радио (секој работен ден), снимени се 8 (осум) телевизиски прилози и 3 (три) изјави за дневен весник, продолжена е соработка со Македонската Информативна агенција – МИА, при што секој работен ден се доставуваат информации за состојбите во сообраќајот во градот Скопје.

**Реализирани сообраќајни поуки -** Реализирани се 47 посебни воспитни мерки - сообраќајна поука, од кои 26 за прекршоци сторени од страна на пешаци, 14 се за прекршоци сторени од страна на возачи на моторни возила и 7 (седум) за прекршоци сторени од страна на возачи на велосипеди, велосипеди со помошен мотор, мопеди и моторцикли. На сообраќајна поука беа поканети вкупно 1278 прекршители, од кои 725 се пешаци, 426 возачи на моторни возила и 127 возачи на велосипеди, мопеди и моторцикли.

**Во текот на 2015 година реализирани се следните проекти, кампањи и акции:**

- Проект „**Безбедност во училиштата**", поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, изработен од Оделението за превенција, чија основна цел е подобрување на севкупната и лична безбедност на учениците во образовно-воспитните установи, како и намалување на сите облици и видови на насилство помеѓу учениците. Овој проект се реализира веќе петта учебна година по ред. Проектните активности се состојат од едукативни работилници со учениците односно со формирање на клубови за превенција составени од ученици, со кои беа третирани следните теми поврзани со полициското работење: Детски права; Насилство (поим, видови на насилство и последици); Насилство на спортски натпревари; Насилство преку општествени (социјални) мрежи; Злоупотреба на пиротехнички средства (Петарди ,оружје,ладно оружје во пресрет на новогодишните празници), Семејно насилство; Трговија со луѓе; Зависности (алкохол, дрога, коцкање и интернет), Безбедност во сообраќајот; Улогата на

полицијата во демократско општество, Посета на ПС ОН; Матурски и полуматурски прослави. Вкупен број на активности остварени во текот на 2015 година во рамките на проектот „Безбедност во училиштата“-129 едукативни работилници.

- Проект „**Скопје град без насилство**“ кој се реализира трета година по ред. Имено, Одделение за превенција при СВР Скопје, со поддршка од Одделението за развој на полицијата при Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во обидите за зголемување на јавната безбедност, како и обезбедувањето на безбедно користење на јавниот превоз и спречување на нарушувањата на јавниот ред и мир, не само во училиштата, туку и на јавните места, вклучувајќи ги и спортските настани, го продолжи спроведувањето на проектот „Скопје-град без насилство“, кој се фокусира на следните области: Насилство во училиштата; Насилство во автобусите и автобуските постојки на јавното сообраќајно претпријатие; Насилство за време на спортски натпревари. Основна целна група на проектот се средношколците (прва и втора година) од средните училишта на територијата на Град Скопје и претставници од Советот на родители во наведените училишта. Дополнително, како целна група, се јавуваат и граѓаните кои ги користат услугите на ЈСП Скопје, пред се учениците средношколци кои секојдневно го користат јавниот превоз. Во рамките на проектот „Скопје-град без насилство“ (За безбеден град“) во текот на 2015 година, реализирани се вкупно 118 активности.
- „**Соработка со млади под ризик**“- план за превенирање на кривични дела и социо-патолошки појави кај малолетни лица насочен кон средните училишта и јавните установи Ранка Милановиќ, 11 Октомври, СОС Детско село и 25 Мај. Станува збор за активности реализирани во соработка со Одделението за малолетничка деликвенција во СВР Скопје во насока на развивање на соработката и детектирање на појава на малолетни лица и ученици со асоцијлно и девијантно однесување. Во рамките на овој план реализирани се вкупно 16 активности.
- „**Безбедни матурски прослави**“, проект кој се реализира седма година по ред, а е наменет за учениците од средните училишта во Скопје кои го завршуваат своето образование. За таа цел од страна на Одделението, во месец мај 2015 беа преземени активности во соработка АД Скопски Саем и приватниот колеџ Јахја Кемал, кога во рамките на Саемот за образование и кариера беше промовирана наведената проектна активност односно од страна на група ученици од „Јахја Кемал“ колеџот на посетителите – матурантите им беше поделен печатен материјал со едукативна содржина. Активноста траеше три дена 07 до09.05.2015 година и беше медумски покриена. Во рамките на овој проект, во сите средни училишта беше дистрибуиран соодветен пропаганден материјал-флаери со пораки за безбедна матурска прослава. Целта на реализираните активности во рамките на овој проект е спречување на девијантното однесување на учениците-матуранти за време на матурската вечер ( управување на ПМВ без возачка дозвола, под дејство на алкохол, нарушување на ЈРМ, злоупотреба на дрога, алкохол и др.)
- Проектот „**Лето без пожари**“ се реализира седма година по ред, со цел да продолжи градењето на партнерство помеѓу полицијата и граѓаните и ефикасност во подигањето на свеста кај граѓаните за заштита и зачувување на зелените шумски и други останати површини од пожари. За успешна имплементација на проектот од страна на поддржувачите на истиот беа обезбедени флаери и вода кои во различни фази од проектот беа дистрибуирани до граѓаните.. Кампањата започна во месец јуни 2015 во соработка со ДОО „ Кодинг – Горска Македонски шуми, ЈП Јасен и Шумска полиција на средно Водно, а истата продолжи во текот на летниот период. Со овој проект беа опфатени повеќе локации идентификувани како потенцијални точки за предизвикување на пожар од страна на населението, при што се реализирани 9 активности во содејство со ПС ОН.
- Проект „**Зависностите и младите**“ реализиран во соработка со Здравствен дом Скопје со основна цел зајакнување на капацитетите на полицијата за ефикасно справување со проблемот на дрога, алкохол и цигари кај младата популација. Активностите се реализираа во месеците јули и август 2015 година на повеќе локации на подрачјето на Скопје и тоа Градски парк Скопје, плоштад Делфин Влае и ТЦ Бисер-вкупно пет активности и истите ба проследени со соодветен пропаганден материјал-флаери со поучни

содржини во контекест на проектот изготвени од Здравствен дом Скопје. Во активностите покрај полициски службеници од Одделението за превенција беа вклучени и полициски службеници од месно надлежните ПС ОН , полициски службеници од ЕНТ во СВР Скопје и и Единицата Алфа.

- Проект „**Не оставајте вредни предмети во Вашиот автомобил**" реализиран со поддршка на Општините Гази Баба и Карпош. Општата цел која сакавме да ја постигнеме со реализацијата на проектот е намалување на бројот на кривичните дела од овој вид со подигнување на свеста кај граѓаните и преземање на мерки за самозаштита и секако намалување на материјалата штета од овој вид на криминалитет, намален број на оштетени лица, подобрена комуникација на полицијата со заедницата и зголемена доверба. За потребите на овој проект од страна на наведените општини беше изработен и соодветен пропаганден материјал со пораката „Не оставјате вредни предмети во Вашиот автомобил" Во рамките на оваа проектна активност, во соработка со локалната самоуправа беа реализирани активности на подрачјето на Општина Гази Баба и општина Карпош 10 активности.
- **Активности по Акциониот план** по кој МВР има обврска да ја информира Владата на РМ: Проектни активности: „Соседска патрола": реализирани 267 мобилни полициски станици и 38 мешани патроли; „Како сте?"- 259 активности вкупно, „На кафе кај соседите" - 724; „Нови згради, нови жители" - 471 активности; „Бизнисот и безбедноста" - 918, „За спортот заедно" - 94 активности; „Мојот полицаец" - 164; „Полицијата и граѓаните – заедно" - 2560 активности и 102 едукативни средби со граѓани;
- Од страна на Одделението за превенција со поддршка на ОБСЕ, во рамките на регионалните акциски планови, подготвена е и реализирана Обука за УПС од ПС ОН на тема „**Основи на превентивно полициско работење**" за што е изработен и едукативен прирачник под истоимениот наслов, наменет за секој слушател на обуката. Во рамките на оваа активност реализирани се две дводневни обуки во кои беа вклучени по двајца (2) УПС од секоја ПСОН во СВР Скопје или вкупно 36 УПС, со кои се заокружи вториот циклус на обука на УПС на тема Основи на превентивно полициско работење.
- Проект „**Центар за превенција - Полицијата и граѓаните заедно**". Со цел подобрување и одржување на поволна безбедносна состојба на подрачјето на СВР Скопје, Одделението за превенција од направените анализи ја согледа потребата од зголемена соработка на полицијата и заедницата. Од таа причина, со овој проект, предвиде отворање на повеќе центри за превенција, во кои во соработка со локалната самоуправа, ќе се преземаат засилени превентивни мерки , во насока на активно вклучување на заедницата во насока на спречување и намалување појавата на криминогени дејанија и нарушувања на ЈРМ на локално ниво. Во рамките на овој проект, покрај отворените два Центри за превенција во Општина Гази Баба и Општина Ѓорче Петров, во месец април 2015 година беше отворена канцеларија за превенција во с.Стајковци и во месец ноември Канцеларија за превенција во с.Долно Лисиче во Општина Аеродром. Во рамките на Центрите за превенција реализирани се вкупно 19 активности.
- Кампањата „**Среќна и безбедна 2016 година** – во семејно и пријателско дружење се реализираше со цел да ги информира граѓаните и да ја подигне свеста кај младата популација за последиците од употреба на петарди и други пиротехнички средства, со што би се намалил бројот на повредени. Со цел пораката да допре до што е можно поголем број млади лица, до сите средни и основни училишта во Скопје е дистрибуирано соопштение, преку кое младите се информирани за законските обврски, штетите и последиците од употребата на овие средства, како и плакати- постери во врска со наведениот проект. Овој проект беше промовиран на 9 декември 2015 г0дина со што беше одбележан и Денот за превенција во соработка со приватното училиште Јахја Кемал и Црвен Крст на Град Скопје од чија страна беше реализирана показна вежба во однос на укажување на прва помош на повреда од пиротехнички средства. Одделението за превенција преку медиумите упати апел до родителите да не им купуваат на своите деца пиротехнички средства ниту со свој пример да не покажуваат дека петардите се прифатлива, односно нужна сценографија за време на претстојните празници. Во предновогодишниот период беа оставрени и четири гостувања на разни телевизии во контекст на наведената кампања. Исто така, во соработка со Црвен крст на Град Скопје беа реализирани 14

активности во повеќе средни училишта на подрачјето на Град Скопје.

- Се развиваше и продлабочуваше соработката и со локалната самоуправа. Во соработка со Општините во градот Скопје редовно се презентираа превентивните проектни активности, беше остварувана соработка при реализација на повеќе проекти и се учествуваше во работата на Локалните совети за превенција (Општина Гази Баба, Ѓорче Петров, Сопиште, Студеничани, Чучер Сандево и други).

**Едукативни предавања**

- Во рамки на проект "Сообраќајна култура на децата во предучилишните установи" релизирани се 74 работилници во 53 објекти на 22 детски градинки при што присуство земаа вкупно 2042 деца.
- Во склоп на сообраќајно-воспитната акција „Да ги заштитиме децата во сообраќајот", во основните училишта во градот Скопје, реализирани се 354 работилници во 87 училишта – од кои 65 централни и 22 подрачни при што присуство земаа 9990 ученици.
- Во координација со "Здравствен дом на Скопје – Скопје", реализирани се едукативни предавања во средните училишта во Скопје на тема "Влијанието на алкохолот, дрогата и психотропните супстанци врз безбедноста во патниот сообраќај" при што се одржани вкупно 91 работилница (68 на македонски јазик и 23 на албански јазик), опфатени се 14 средни училишта при што присуство земаа 2186 ученици.
- Во рамки на проектот "Брзина–дали си спремен да ја платиш цената", реализирани се превентивни активности кои се состоеа од делење на пропаганден материал – флаери со едукативна содржина, кои укажуваат на последиците што може да настанат како резултат на непочитување на ограничување на брзина на движење, при што беше поделен пропаганден материјал на 572 возачи на моторни возила;
- Во рамки на кампањата за подобрување на безбедноста на ранливите групи на учесници во сообраќајот реализирани се следните превентивни активности насочени кон велосипедистите и моторциклистите:
- Седум воспитни мерки, сообраќајна поука на граѓани кои сториле сообраќаен прекршок како возачи на велосипеди и возачи на мопеди и моторцикли,
- Реализиран е план за зајакнати превентивни мерки со цел зголемување на безбедноста на мотоциклистите, во кој покрај Одделението, беа вклучени и УПС од ПСОН "Центар", "Карпош", "Аеродром" и "Битпазар", при што беа поделени 1300 флаери со едукативна содржина.
- Реализирана е сообраќајно воспитно-едукативна акција, "Недела за безбедност на пешаците во Република Македонија од 14 – 30 Април 2015 година",
- Во рамки на кампањата за подобрување на безбедноста на ранливите групи на учесници во сообраќајот, на покана од ТЦ "Сити Мол" земено е учество во реализација на "Саем за деца и семејство", при што реализирани се работилници во ТЦ"Сити Мол" во врска со правилата и прописите кои го регулираат сообраќајот на пешаците и велосипедистите, на која присуствуваа деца од различни возрасни групи
- Во соработка со РСБСП спроведени се Регионалните и Државниот натпревар во рамките на сообраќајно воспитно-едукативните манифестации: "Детски Семафор", со ученици од основните училишта и "Сообраќајно – техничка култура на младите", со ученици од средните училишта.
- Реализирани се превентивни мерки согласно плановите за зајакнати мерки и активности против непрописно запирање и паркирање на возилата на ул.„Христо Татарчев", „Васко Карангелевски", „Наум Охридски", „Томе Арсовски", „Филип II Македонски", „Кеј Димитар Влахов" и ул."Фредерик Шопен при што се изречени вкупно 767 писмени предупредувања.

## VI. АКТИВНОСТИ НА СВР ВО ОСТАНАТИ ОБЛАСТИ

### Увиди на лице место на настан

| Активности | Вкупно увиди | Со траги | Без траги | Вкупно пронајдени траги и предмети |
|---|---|---|---|---|
| Имотни | 2097 | 1113 | 984 | 3905 |
| Крвни | 108 | 69 | 39 | 463 |
| КТО, запечатување, фото и обезбедување докази | 1768 | 279 | 1489 | 944 |
| Пожари | 83 | 30 | 53 | 56 |
| Експлозии | 5 | 5 | 0 | 14 |
| Организиран | 22 | 15 | 7 | 15 |
| Вкупно регистрирани настани | | | | |
| ВКУПНО | 4083 | 1511 | 2572 | 5397 |

Во текот на 2015 година СВР Скопје при работењето во откривањето и расветлувањето на извршените кривични дела, презема мерки и активности кои се однесуваат на увиди на лице место на настани и анализи на подигнати траги, отпечатоци и останати материјални докази, како и идентификација, дактилоскопирање и фотографирање на лица. За извршените увиди на лице место и преземените активности на терен извршени се вкупно 4083 увиди (3480 во 2014 година) од кои 1511 биле со траги, 2572 без траги, додека вкупно пронајдени траги и предмети се 4915.

### Потраги

| Предмет | 2015 година | 2014 година | +/- % |
|---|---|---|---|
| Лишени лица ЕИП | 204 | 431 | -52,67% |
| Лишени лица над 3 години | 40 | 63 | -36,51% |
| Лишени лица 1-3 години | 83 | 161 | -48,45% |
| Лишени лица под 1 година | 63 | 163 | -61,35% |
| Лишени лица со КИ | 18 | 44 | -59,09% |
| Пронајдени лица - реализирани | 102 | 145 | -29,66% |
| Спроводи на лица | 19 | 15 | 26,67% |
| Пронајдени исчезнати лица | 265 | 187 | 41,71% |
| Пронајдени НН лешеви | 18 | 16 | 12,50% |
| Идентификувани НН лешеви | 14 | 18 | -22,22% |
| Распишани централни потерници | 856 | 736 | 16,30% |
| Запрени централни потерници | 779 | 889 | -12,37% |
| Распишани меѓународни потерници | 191 | 221 | -13,57% |
| Распишани расписи по лица | 537 | 518 | 3,67% |
| Запрени расписи по лица | 514 | 540 | -4,81% |
| Распишани објави по лица | 264 | 337 | -21,66% |
| Запрени објави по лица | 241 | 378 | -36,24% |
| Распишани објави по возила | 765 | 513 | 49,12% |
| Запрени објави по возила | 438 | 388 | 12,89% |
| Добиени потерници | 1106 | 1460 | -24,25% |

Целата активност СВР Скопје во врска со потраги по лица беше согласно актуелната безбедносна состојба, движење на криминалитетот со цел навремено превземање мерки и активности за негово сузбивање, како и други негативни појави преку остварување на соработка и синхронизација на активностите со другите единици. Главниот акцент на работењето беше ставен за пронаоѓање лица кои се бараат по централни и меѓународни потерници, пронаоѓање на лица избегани од воспитно и казнено поправните установи, пронаоѓање на исчезнати лица, идентификација на НН лешеви, распишување и запирање на расписи по лица, распишување и запирање на објави по возила и распишување и запирање на објави по исчезнати лица.

Во 2015 година лишени се лица за издржување казна затвор над пет години и тоа: Д.С. - 5 години за кривично дело по чл.123, Ш.Е. - 9 години за кривично дело по чл.215, А.С. - 7 години за кривично дело по чл.237, А.Б. - 5 години за кривично дело по чл.247, Д.Б. - 6 години за кривично дело по чл.236, Ј.И. - 5 години за кривично дело по чл.396, С.С. - 5 години за кривично дело по чл.279, С.Н. - 5 години за кривично дело по чл.279, Ѓ.М. - 5 години за кривично дело по чл.237, Н.И, - 5 години и 6 месеци за кривично дело по чл.236, Н.С. - 8 години и 6 месеци за кривично дело по чл.123, Р.Б. - 9 години за кривично дело по чл.188, Џ.Ј. - 10 години за кривично дело по чл 236 од КЗ на РМ.

Во однос на другите органи кои постапуваат кон истите наредби за лишување на лица во 2015 лишиле 357 лица додека во 2014 година 477 лица.

**Интервентни Единици на СВР Скопје**

Во текот на 2015 година, полициските службеници од интервентните единици на СВР Скопје, - Единица за прв одговор и интервенција „Алфа" и Единица за јавен ред и мир при вршење на редовна мотопатролна дејност вкупно извршиле проверки на идентитет на 20056 лица, 901 прегледи на лица и 6275 прегледи на моторни возила, како и други активности поврзани со полициското работење и овластувања и тоа:

| МЕРКИ И АКТИВНОСТИ 2015 година | ЕПОИ АЛФИ | ЕЈРМ |
|---|---|---|
| Вкупно извршени проверки на идентитет на лица | 14563 | 5493 |
| Извршен преглед на лица | 724 | 177 |
| Извршен преглед на ПМВ | 2912 | 3363 |
| Вкупно приведени лица и лица лишени од слобода | 2650 | 123 |
| Приведени лица по Закон за јавен ред и мир | 283 | 50 |
| Приведени лица и лица лишени од слобода кај кои е пронајдено огнено оружје | 40 | |
| Приведени лица и лица лишени од слобода за поседување опојни droги | 335 | |
| Приведени лица и лица лишени од слобода со ПМВ | 498 | 4 |
| Вкупно дадени асистенции | 215 | 275 |
| Предадени лица | 1825 | 248 |
| Пронајдени и предадени предмети кои потекнуваат од кривично дело | 74 | 4 |
| Предадени моторни возила | 31 | 5 |
| Обезбедување | 119 | 276 |
| Останати активности | 32 | 61 |

**Информирање**

Секторот за внатрешни работи Скопје, во 2015 година следејќи ги новите промени и реформи во Бирото за Јавна безбедност, вршеше постојана размена на информации од интерес на полициското работење помеѓу своите организациони единици, кои континуирано беа анализирани при што на дневно и месечно ниво се изработуваа прегледи, статистички и разузнавачки, кои беа користени за насочено задавање на задачи и преземање на мерки. Воедно, беа изработувани и дневни, неделни и месечни анализи, прегледи и билтени за информирање до надлежните организациони единици, со цел понатамошно информирање за работата на Министерството за внатрешни работи.

Во однос на секојдневното информирање за безбедносни настани од интерес и карактеристични настани и поднесени кривични пријави во 2015 година беа изработени 216 информации. Дел од овие информации беа понатаму проследувани до медиумите и граѓаните преку Одделот за односи со јавност и стратешки прашања на Министерството.